ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 11-346/16**

**Дата:** 17.04.2012

ДО

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме на резултатите

Нашата ревизија претставува извршена активност планирана со Годишната програма за работа на ДЗР за 2011 година. Посочената активност досега не била предмет на вршење на ревизија на успешност.
Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за состојбата со управувањето со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во РМ, воспоставената координација помеѓу АУОИ и институциите и другите учесници во процесот на управување со одземен имот, националната регулатива, планирање, имплементација и резултатите, политики и мерки кај АУОИ и институциите кои се надлежни да ги исполнат поставените цели, преземените обврски во функција на управувањето со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети, воспоставената рамка со која ефикасно и ефективно ќе се унапредува функционирањето на АУОИ и надлежните институции, доволноста на кадровски потенцијали и финансиски средства за остварување на целите за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети и други отворени прашања во областа кои произлегоа во тек на ревизијата.
Активноста која е предмет на ревизија во РМ е регулирана со соодветна законска и подзаконска регулатива и ја вклучува АУОИ и субјекти кои се определени согласно позитивната законска регулатива од областа во РМ. Во таа насока со нашата ревизија се фокусиравме на оценка на ризиците и можностите за подобрување на функционирањето на АУОИ во управувањето со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети од аспект на повеќе откриени ризици и ризични области во деловите на: законска и подзаконска регулатива од областа; формирање, организација, надлежност и функционирање на АУОИ; кадровска екипираност, опременост, обука и финансирање на АУОИ; координација и соработка помеѓу АУОИ и институциите вклучени во процесот за одземање на имот; мерки за обезбедување и контрола на одземениот имот кој се наоѓа во магацинските

складишта на АУОИ; проценка и евиденцијата на целокупниот одземен имот од страна на АУОИ како и повеќе неправилности и проблеми кои се рефлектираат кај АУОИ и субјектите надлежни за постапување согласно одредбите од ЗУОИ. Активностите на ревизијата на успешност имаат за цел да помогнат наредните процеси и активности на функционирање на АУОИ и надлежните институции во РМ да се фокусираат на исполнување на поставените постулати на управувањето со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети на национално и институционално ниво.
Состојбите кои се прикажани во извештајот се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби како и креирање на јасни и реални препораки кои надлежните лица во АУОИ и надлежните институции во областа на кои се наменети, треба да ги спроведат. Периодот кој беше опфатен со нашата ревизија беше определен на 2009 – 2011 година, иако се дадени состојби и настани кои се случиле и претходно и последователно односно до денот на известување од извршената ревизија.
На ден 26.01.2012 година во просториите на ДЗР одржан е завршен состанок/презентација од страна на ДЗР со цел запознавање на субјектите со резултатите од извршената ревизија.

Резимето на резултатите ги сумира деловите од овој извештај вклучително и дадените препораки со цел читателот едноставно и концизно да се стекне со важни информации од извршената ревизија. Деталите за дадените информации се наоѓаат во споменатите поглавја на овој извештај. Целта на ревизијата на успешност беше да дадеме оценка за состојбата со кадровските, финансиските, материјално - техничките капацитети на АУОИ, заради остварување на својата законска надлежност за одземање, складирање, чување, управување, проценка, евиденција и продажба на одземениот имот во РМ, како и да дадеме препораки и можности за подобрување на севкупната активност.

Целокупниот опфат како и доказите кои ги обезбедивме по пат на спроведените техники и методологија од страна на ревизијата, ни дадоа основа да го изразиме следното мислење:
Со ревизијата утврдивме дека во периодот 2009 – 2011 година, (заклучно со ноември 2011 година), активностите поврзани со функционирањето на АУОИ во управување со одземен имот, имотна корист и одземени предмети кај АУОИ и надлежните инситуции покажаа ризици и неправилности кои придонеле да се случат одолжувања во: донесување на подзаконските акти, отстапување на магацинските простории во надлежност на АУОИ, преземањето на одземен имот/стока од надлежните институции кои пред формирањето на АУОИ ја имале надлежноста за негово постапување во РМ, воведување во евиденција, вршење на проценка и продажба или отстапување на одземениот имот/стока како и обезбедување и осигурување од уништување и намалување на неговата вредност согласно начелата на економичност, законитост, ефикасност, а кои со соодветни мерки и



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*
*1.*
*2.*
*3.*

напори од страна на Владата на РМ, АУОИ и надлежните релевантни чинители, можат да бидат надминати. Овие ризици ги лоциравме кај неколку подрачја и тоа: развојот и примената на основните стратешки определби, планови и активности, законските и подзаконските одредби и обврски кај АУОИ и надлежните институции, со цел спроведување на надлежностите, недостатоците и ограничувањата кои постојат кај АУОИ и надлежните институции во РМ, а кои во голема мера придонесуваат функционирањето на АУОИ во управувањето со конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети на генерално ниво, да се оцени како забавен и ограничен.

Процесите поврзани со заокружување на рамката на законски и подзаконски акти неопходни за ефикасен развој и функционирање на АУОИ во текот на 2011 година резултираат со преземени активности за донесување на Закон за изменување и дополнување на ЗУОИ, обезбедување на нови вработувања, обезбедување на работни простории за функционирање на АУОИ, дополнителни магацини за сместување на одземениот имот/стока од областа на управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети, извршена продажба на старо железо, преземање на одземената стока/имот кои до формирањето на АУОИ биле сместени во магацинските капацитети на АМСМ, се активности за кои сме на мислење дека истите ќе бидат во функција на подобрување на ефикасноста на АУОИ во управувањето со конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети во РМ.

Согласно резултатите од ревизијата, подрачјата во кои ќе треба да се направат дополнителни напори, заради целосно и ефикасно функционирање на АУОИ ги определивме на: потребата од преземање на активности за креирање и пополнување на реалниот број потребни кадровски капацитети, спроведување на потребен број на обуки за вработените во АУОИ, обезбедување финансиски и материјално технички средства за функционирање на АУОИ. На мислење сме дека доколку се обезбедат неопходните законски, кадровски, финансиски, материјално - технички капацитети и подигање на свеста и разбирањето на значењето на АУОИ во управувањето со конфискуваниот имот, имотна корист и одземените предмети, истите во значајна мера ќе придонесат кон подобрување на функционирањето на АУОИ во насока на ефикасно управување со конфискуваниот имот имотна корист и одземени предмети во РМ. Дадовме и препораки кои во најголема мерка зависат од активностите кои ќе ги превземаат Владата на РМ, АУОИ и надлежните институции како и од обезбедувањето на доволни финансиски средства за нивно преземање во насока на непречено функционирање на АУОИ. Овие препораки се темелат на резултатите од нашата ревизија и се во функција на подобрување и унапредување на функционирањето на АУОИ и надлежните институции во РМ.
Препораките кои ги даваме се однесуваат на преземање мерки и активности во сите елементи на подрачјата за кои откривме потребни зајакнувања и тоа: развивање и усвојување на основен и последователен стратешки документ, со кој

ќе се дефинираат насоките и активностите кои АУОИ и надлежните институции во РМ треба да ги направат во наредниот период, со дефинирање и утврдување на носители на активности, рокови, потребни алатки, како и индикатори за следење на реализацијата и начин на нивно спроведување; донесување на Закон за изменување и дополнување на ЗУОИ, со цел детално и прецизно уредување на оваа проблематика и преземање на активности за заокружување и прецизирање на подзаконската регулатива во деловите каде тоа е потребно, како и измени и дополнувања на одредбите од други закони и подзаконски акти кои ја регулираат материјата за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети; преиспитување на потребата за регионална организациона поставеност на АУОИ, како начин на организација, која ќе придонесе за нејзино поефикасно функционирање; подобрување на состојбата со кадровска пополнетост како еден од условите за непречено функционирање на АУОИ како и спроведување на обуки за вработените, со кои ќе се унапредат и одржат стручните и професионалните знаења за практична примена на концептот на управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети; континуирана и непосредна соработка со надлежните институции во процесот на известување и доставување на потребната документација – предмети до АУОИ, за нејзиното понатамошно проследување; интензивирање на активностите кај АУОИ и надлежните институции за обезбедување на дополнителни магацински простори, односно создавање услови за преземање на целокупниот одземен имот и сместување во магацински капацитети на АУОИ; решавање на проблемот со проценка на одземениот имот/стока, кој влијае врз целокупниот процес на управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети и е од исклучително значење за АУОИ; целосен и детален попис за утврдување на точниот и прецизен број на одземена стока/предмети како и институционално зајакнување и издигнување на АУОИ во орган кој ефикасно и ефективно ќе ги извршува законските надлежности.

Како порака до сите релевантни чинители во областа укажуваме дека во услови на институционални односно кадровски, материјално/технички и финансиски ограничувања на АУОИ, мошне тешко е нејзиното функционирање во остварување на законска надлежност за одземање, складирање, чување, управување, проценка, евиденција и продажба на одземениот имот во РМ како и остварување на приходи по овој основ во Буџетот на РМ. Целта на АУОИ е во иднина да продолжи да функционира како ефикасен орган на државна управа и како дел од правниот систем во борбата со криминалот во РМ и пошироко.



***Ревизорска екипа*** ***Овластен државен ревизор***

*1.* ____________

*2.* ____________ ____________

*3.* ____________